# ONLINE INFORMATION '95

## Olympia 2, London, UK – 5-7 December 1995

**Миодраг Дадасовиќ,** информациски специјалист

Од 5 до 7. декември 1995 година во Olympia II Conference Centre, Лондон, Велика Британија во организација на Learned Information Europe Ltd. се одржа "19th International Online Meeting" кој претставува најголем светски собир во областа на информациската индустрија. На конференцијата учествуваа корисници на информации, библиотекари, информациски професионалци, производителите на бази на податоци, хостовите и интермедиерите во добивањето на информации - информациските специјалисти.

Застапени беа сите видови електронски медиуми и носители на информации. Комуникациската индустрија беше претставена со сите најзначајни светски компании.

Паралелно со Конференцијата, се одржа "Online Information 95 Exhibition" на која зедоа учество над 500 излагачи од сите области на информациската и комуникациската индустрија. Изложбата ја има улогата на "излог на супермаркетот" на информациската индустрија, кој за трите дена од траењето ги прикажува и лансира нејзините најнови продукти и услуги за наредната година.




За прв пат на изложбата беше издвоен и посветен на Интернет еден кат со име "Internet World International".

Сателитските семинари беа одржани на 4 и 8 декември. Семинарите покриваа различни области и теми, од кои некои и вон главните теми на Конференцијата.

Во време на одржувањето на Конференцијата, на 7 и 8 декември се одржа и "Electronic Publishing Conference", во организација на издавачи наменета за сите заинтересирани за електронските публикации.

Главните теми на овогодишната "19th International Online Meeting" конференција беа:

- Интернет;
- Конструктивизмот;
- Teleworking (далечинско работење);
- Пристап и навигација;
- Пазари во настап;
- Потрошувачот Online.

Конференцијата ја отвори нејзиниот овогодишен директор, г-дин David Raitt од European Space Agency ESTEC, Холандија, доктор на науки во областите на комуникациите и библиотекарско - информациските науки.

Неговото пленарно предавање на тема ***"Интернет: празен сад или ќуп со злато?"*** беше вовед во првата тема на Конференцијата, во кое беше прикажана денешната и идна улога на Интернет мрежата која е вткаена во нашиот деловен и приватен живот.

Неговата и наредните теми ја третираа контрадикторноста на мислењата на разните светски имиња кои ги застапуваат гледиштата ***за*** и ***против*** Интернет. World Wib Web-овите се претставувани како најиновативна и корисна алатка на

денешнината, која ја овозможува пристапноста и квалитетот па сè до можноста на креирање на Home page-ови. Противниците на Интернет, пак ги застапуваат мислењата дека се потребни регулативи и цензурирање на содржините на Интернет, дека е тешко да се најде нешто од важност на Мрежата. Предмет на темата беа начините на плаќање на услугите на мрежата, авторските права и пристапот преку отворените мрежи, регулацијата и цензурата на Интернет, квалитетот на информациите, библиотките и Интернет и др.

- *Втората тема*: ***Конструктивизмот*** ја модерираше г-дин Scott Brandt, Purdue University, USA, доктор по библиотечно - информациски науки.

Конструктивизмот го фаворозира овозможувањето на учениците да креираат внатрешен модел врз кој успешно можат да го изградат своето знаење и да усвојат искуства кои ќе го олеснат конструирањето на идните знаења.

Конструктивистичкиот пристап и неговите методи, е искористен на Конференцијата за предавања од области врзани за Интернет, давајќи на тој начин силна теориска методолошка поддршка на практичните теми, како што се: користењето на WWW Browser - ите за истражување на специфични предмети и информации. Практично беа демонстрирани пристапите на играње улоги, моделирање и аналогија.

- *Третата тема*: ***Teleworking***, чиј модератор беше г-ѓа Virginia Cano, Queen Margaret College, UK, доктор по стратешко управување со информации, ја обработуваше можноста информациските работници своите услуги да ги даваат од дома. "*Зошто да се оди во канцеларија?*" - беше поставено прашањето. Но, и покрај тоа што оваа идеја не е нова, најновите елементи на технолошкиот развој ја сведуваат на реалност можноста да се работи од дома. Најновите истражувања предвидуваат дека скоро 50 % од информациските работници во блиска иднина ќе работат од дома - некои од нив поврзани со своите фирми, додека другите ќе бидат само вработени. Група на искусни предавачи и практичари ги презентираа потребните знаења и вештини за вршење на оваа дејност, можните извори на финансирање, квалитетот на животот и социјалното осигурување, здружувањето во асоцијации, предностите и негативностите, третманот на овој вид работа и др.

- *Четвртата тема*: ***Пристап до информации, навигација и пребарување***, беше составена од три дела:

- ***Пребарување без булови оператори*** - модериран од г-дин Steven Polit, University of Huddersfield, UK, директор на Centre for Database Access Research, Huddersfield. Пребарување на информации без употребата на буловите "and", "or" и "not" оператори беше претставено на примерот на Информативниот систем Dialog каде постои можност за оптимизирање на пребарувањето со употреба на TARGET наредбата а кај системот ESA/IRS со употребата на QUESTQUORUM.

- ***Интелигентен Хипертекст*** - модериран од г-динот Patrick Vanouplines, Vrije Universiteit, Brussels, Belgium, директор на Laboratory of Hydrology, Brussels. На оваа сесија беа прикажани: формирањето на Web Home Page, електронскиот пристап до слики, независноста на електронската опрема за истражување, интелигентниот хипертекст - како рамка за автоматски систем за водено пребарување.

- ***Рангирано интерактивно пребарување*** - модерирано од г-ѓата Ruth Handzel, Tel Aviv University, Israel, професор на Hebrew University, Jerusalem. Разни техники на пребарување на информациите беа предмет на сесијата, како и релевантноста на сликовните системи за пребарување, online пребарување на библиотечниот каталог, интерактивно ранговно пребарување со користење на метода на повеќекратно вклопување, интелигентен on-line систем на пребарување ориентиран кон корисникот.

- *Петтата тема*: ***Пазари во настап*** - модерирана од г-ѓата Martha Williams, University of Illinois, USA, професор на истиот универзитет, говореше за појавата на нови пазари за информативните продукти и услуги, on-line пазари во транзиција, електронскиот информативен пазар во Источна Европа, со посебен осврт на информативните системи во Украина, Русија, Египет, Израел и Јужна Африка.

- Шестата тема: ***Потрошувачот on-line*** - водена од г-дин David R.Worlock, European Information Industry Association, UK, директор на Electronic Publishing Services, ги прикажа идните развојни ориентации на, во светот водечките on-line сервиси и компании: Compuserve, Europe Online, AOL, Microsoft, нивната пристапност, можност за добивање, цените преку дискусионите групи ориентирани кон e-mail-от, електронските весници, списанија и слики, пристапите (Gateways) до Интернет, мета бази на податоци достапни на Интернет.

Вмрежувањето, можностите на мрежите, апликациите и развојот, беа предмет на сесијата под водство на г-дин Charles Oppenheim, University of Strathclyde, UK, професор на истиот универзитет. Набавката на информации и Интернет, Вмрежувањето во Унгарија, наспроти искуствата од Северна Америка, беа презентирани Европските вмрежени системи на информации BRIDGE.

Технолошките трендови и општеството беа дискутирани во групата координирана од г-динот Philip Barker, Human - Computer Interaction Laboratory, University of Tesside, UK, каде беа разгледувани хуманите аспекти на информатичката револуција, ерата на електрониката и информациско сиромашните, гласот и кабелската технологија и библиотеките на иднината, главни технолошки иновации за наредните 10 години во бизнис информациите.

Електронското издаваштво и неговото влијание врз класичното, интерактивната реклама, EUROLOG системот на испорака на документи, беа тема на дискусиите водени од г-динот Dan Arbour, UMI, USA.

Конференцијата беше затворена со пленарната седница на тема: ***Вмрежени мултимедии и World Wide Web***, под водство на г-динот Arnoud de Kepm, Springer Verlag GmbH, Germany, со завршно разгледување на мултимедиското издаваштво на WWW-от денес и метаморфозата на денешното и идно школство, рекламата и испитување на пазарот преку Web - овите, виртуалните музеи како водечки во користењето на мултимедијалното претставување на Web-овите, самоиздавачите и сопствените Web-ови!

Паралелно со одржувањето на конференцијата се одржуваа и ревии на производи каде беа претставувани најновите и идни производи и услуги од информациската индустрија.

## Online Information 95 Exhibition

Изложбата ги претстави сите значајни светски фирми од информациската и други индустрии. Четирите ката на Olympia II Conference Hall беа претесни да ги примат сите излагачи. Посетителите уште на влезот ги чекаа луѓе од обезбедувањето, кои ги координираа формалностите околу влезот. Неколкуте илјади посетители дневно можеа да видат различни содржини и, секако според своите интереси, да поминат неколку часови во обиколка на штандовите. Нивната големина се движеше од 4 па се до неверојатни неколку стотини м². Поминувајќи меѓу штандовите, понекогаш можеше да се насети, нам добро познатата "панаѓурска" атмос-



фера. Поголемите фирми ги имаа своите мултимедиски презентации, за помал или поголем круг на слушатели. Сите штандови беа богато опремени, со богат пропаганден материјал. Производите можеа да се испробаат. Анимацијата на посетителите се постигнуваше на разни начини, од комплиментарни пенкала, mouse pad-ови, пикадо рулети со разни добивки, преку Teddy Bears на фирмата Basis, кои се добиваа по исполнување на еден прашалник, па сè до Notebook-ови. На штандовите можеа да се видат, испробаат, купат CD-ROM-ови од најразлични области, online бази и банки на податоци, информациски и комуникациски софтвер, услуги од типот посредништво за добивање информации, услуги на Internet провајдери и тн. Оваа година за прв пат еден цел спрат беше посветен на Интернет, под мотото: Internet World International, каде можеше да се видат и пробаат скоро сите можности кои ги овозможува глобалната светска мрежа, а како куриозитет беше презентирана најновата можност за телефонирање преку Интернет, секако, со цени 5-10 пати пониски од обичниот телефон!

## ONLINE новости

Knight - Ridder Information од САД претставува најголем светски online сервис. Тој го содржи најголемиот американски online сервис DIALOG и најголемиот европски информациски сервис DATA STAR. Опфаќа над 800 бази и банки на податоци од сите области на човековата дејност. Библиографското и фактографско пребарување низ ресурсите на овој сервис овозможено е со помош на најсовремена технологија, со можност за пристап на сите начини. Сервисот овозможува добивање и на целосни текстови преку своите служби за испорака на документи. Најновите продукти кои се или ќе бидат лансирани во 1996 се KR PRO BASE и KR SCIENCE BASE. KR PRO BASE е "user oriented" можност за пребарување на сервисот DATA STAR, а KR SCIENCE BASE за пребарување на дел од базите на DIALOG. Користењето на овие нови производи овозможува корисниците самостојно да пребаруваат информации. При тоа, нема потреба од медијатор одн. од информациски специјалист кој претставува своевиден посредник меѓу него и сервисот. Предностите се несомнени: нема потреба од учење на пребарувачкиот јазик на сервисите, исфрлени се буловите оператори (*и, или, не*), воспоставена е можноста за пребарување од различни места и тн. Единствена негативност, за корисниците од овие географски широчини, би била цената, која драстично би се зголемила, со оглед на зголеменото време на престој во базите и комуникациските трошоци, што произлегува од помалиот степен на структурираност на пребарувањето на информации. Но, како и да е, производите се лансирани и се очекува (барем на запад) да наидат на голем одзив кај корисниците.

STN International од Fiz Karlsruhe, Германија, ги претстави своите бази на податоци од областа на науките и технологијата. Сервисот нуди околу 100 бази на податоци, претежно од техничките науки. Најинтереснен е податокот што само преку STN можат online да се добијат и апстракти за референците од базата Chemical Abstracts.

Европската економска заедница ги претстави своите бази на податоци преку сервисот ECHO. Застапени беа триесетина бази кои, пред сè, служат за обезбедување на објективна повеќејазична информација за информациските сервиси на Заедницата; да ги води и обучува корисниците; да служи како проба пред комерцијализацијата на базите. Базите ги опфаќаат областите:

- Поддршка на корисниците (CCL-TRAIN, I'M GUIDE, IMPACT INFORMATION SERVICE, I'M FORUM, UNESBIB, EURHISTAR и др.)
- Истражување и развој (CORDIS, RTD PROGRAMMES, RTD PROJECTS, DARE, EUREKA, EURISTOTE и др.)
- Јазична индустрија (EURODICTATUM, THESAURI, INDEX TRANSLANIONUM)
- Индустрија и економија (TED, EMIRE, IDEA)

ONLINE '95 изложбата беше искористена и за најава на две групи проекти на Европската Комисија:

- IMPACT - INTERACTIVE MULTIMEDIA PROJECTS
- IMPACT 2 - GIS PROJECTS

## CD – ROM новости

Англиската фирма C-Dilla, нуди можност за складирање на 1.5 GB на CD-ROM кој обично може да содржи до 600 MB податоци. Тоа го постигнува со компресирање на фајловите пред да бидат снимени/печатени CD-ROM-овите. При нивното читање, податоците се декомпресираат со самото читање на фајловите. Користењето на оваа можност не е условено од дополнителен софтвер. Времето на достап е приближно исто како кај обичните 600 MB CD-ROM-ови, ги поддржува сите платформи и работи и под мрежи.

Годината кога се одбележува 10 годишнината на комерцијалното користење на CD-ROM - овите, беше означена со долгоочекуваниот Chemical Abstracts on CD-ROM, одн. CA on CD. На тој начин, водечката светска база од областа на хемијата, заплива во CD-ROM водите, најавувајќи дека Chemical Society of America, своите услуги ќе ги стави на располагање и преку Интернет. За 20-тина илјади американски долари, може да се изврши едногодишна претплата на CA on CD, со месечно ажурирање. На 5 CD-ROM дискови се наоѓаат библиографски податоци, апстракти, CA индекси на волумените, имиња на супстанци, формули и др.

Во издание на Institute for Scientific Information од Филаделфија, САД, за прв пат се појави еден CD-ROM диск базата Current Contents. Базата овозможува прегледување на литературата од водеч-

ките научни списанија од целиот свет, истражувачки проекти, коментари, кореспонденции, прегледи на книги и др. Тоа се овозможува со пребарување на содржините на застапените извори придружени со оригинални авторски апстракти. Фреквенцијата на ажурирањето на CD-ROM-от е фантастични 7 дена. На тој начин, овозможен е достап до тековните информации во областа на интересот. Секој диск ги содржи референците од изминатите 52 недели, и на тој начин ја опфаќа тековната година. Добивањето full text на самата статија е овозможено со помош на: The Genuine Article и Request-A-Print сервисите, преку кои целосните текстови можат да се добијат и истиот ден!

MarketLine базата на CD-ROM претставува комплетна библиотека за истражување на пазарот. Производител е истоимената американска компанија. Покрива 4000 пазарни сектори од индустријата, потрошувачката и business-to-business - от. Ги покрива Европа и САД. Содржи извештаи за:

- Executive summary (директори),
- Market size (големина на пазарот),
- Market shares (акции),
- Competitive analysis (конкурентност),
- Company profiles (профили на компаниите),
- Markets forecasts (предвидувања за пазарот),
- Further sources (други извори).

Цената на CD-ROM-от е 1995 USD.

Водечкото светско научно списание "NATURE" за прв пат се претставува со својата CD-ROM верзија. Го опфаќа периодот од 1992 - 1994 година, и за цена од само 155 GBP (индивидуална претплата) се добиваат 3 годишта на списанието на едно место во мултимедиска варијанта со сите елементи на печатената верзија!

The Bankers' Almanach во издание на REED INFORMATION SERVICES од Англија претставува единствен извор на информации за сите банки во светот. Овозможува достап до над 4000 меѓународни банки, 23500 англиски банки, 182000 банкарски бранши. Покрај оваа база, фирмата REED издава и CD-ROM-ови за компаниите во Европа, Англија, Источно Европски земји, Азија и др.

Компанијата BIOSIS од Филаделфија, САД, ги презентира своите најнови CD-ROM продукти:

- Biological Abstracts (опфаќа над 6500 списанија од цел свет од сите области на биологијата);

- Zoological Records (опфаќа над 6500 списанија од цел свет од сите области на зоологијата);

- Foods Inteligence (опфаќа над 6500 списанија, 340 бизнис весници, 2000 конференции, 1000 патенти, содржи над 350000 статии од 1985 година до денес, со годишен прилив од 50000 записи);

- Toxline Plus (содржи над 2.2 милиони статии од 1985 година до денес, од областа на токсикологијата, со годишен прилив од 170 000 записи).

American Psychological Association го издава CD-ROM дискот под назив PsycINFO кој содржи статии од списанија и книги од 1974 година до денес, објавени на сите јазици, и претставува светски преглед на литература од областа на психологијата.

Американската компанија DERWENT специјализирана за патентна литература ги промовира своите CD-ROM извори кои опфаќаат над 40 патентни издавачи, 1200 научни списанија и конференции од цел свет. Достапните CD-ROM бази се:

- Innovations on CD-ROM (овозможува добивање на информации фокусирани на индустријата, разделени по сектори);

- Patent View (овозможува прегледување на сликите и цртежите на патентите);

- PatentScan (овозможува библиографско пребарување на потребните патентни информации);

Bureau van Dijk од Белгија ја нуди базата AMADEUS која содржи анализа на водечките бизнис бази на податоци од Европа. AMADEUS претставува паневропска база на податоци, покрива над 141.000 јавни и приватни компании од Европа, со и над 150 вработени лица, придружени со податоци за нивното финансиско работење.

University Microfilm International од САД го објави излегувањето на CD-ROM верзиите на весниците:

- WALL STREET JOURNAL
- NEW YORK TIMES
- WASHINGTON POST
- USA TODAY
- LOS ANGELES TIMES
- BOSTON GLOBE
- CHICAGO TRIBUNE

Весниците се презентирани во full text, со месечно ажурирање и период на опфаќање од 1985 година до денес.

Dissertation Abstracts ONDISC, исто така во издание на UMI, содржи библиографски податоци за преку 1 милион докторски дисертации и магистерски тези од цел свет. Референците го опфаќаат периодот од 1861 година до денес, со тримесечно ажурирање.

Водечката светска база од областа на електрониката, физиката и компјутерите INSPEC, во издание на UMI опфаќа над 4500 технички списанија, над 3000 конференции, книги, дисертации и извештаи од цел свет. Излегува во три серии:

- Complete edition
- Physics subset
- Electronics and computing subset
  - section B - Electrical Engineering & Electronics
  - section C - Computers & Control
  - section D - Information Technology

Сите референци содржат апстракти; базата содржи податоци за последните 3 години и се ажурира квартално.

## Софтвер и др.

Освен Online и CD-ROM производите, на изложбата беа презентирани, пред сè, комуникациски и информациски софтверски производи на познатите светски софтверски куќи. Беа делени и ShareWare програми и услуги за комуницирање на најпознатиот светски On-Line сервис-Compuserve, Web Watcher na Caravelle од Англија, Wollongong од САД со својата програма EMISSARY, Net Manage на Chameleon & Chameleon со своите TCP/IP Applications for Windows, од Англија, големиот Microsoft со своите производи и др.

Фирмите како DATAWARE од САД ги прикажаа своите услуги во вид на експертски извештаи и бонитети за светот на бизнисот; се презентираа фирмите кои нудат испорака копии на статии, патенти, извештаи кои сега се нудат дури и во истиот ден, испорачани по пошта, факс или e-mail.

Светот на информациите, денес претставува императив со неговата имплементација во сите гранки на човековата дејност. Ако не се сфати сериозно и промптно овој факт, нашата иднина ќе се остварува со многу понизок степен на дефинираност во своите содржини.

*GET ONLINE,*
*GET INTERNET,*
*GET WEB,*
*GET NET!!!*

E.O.T.